МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *КОМПАРАТИВНА КНИЖЕВНОСТ*

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

ЗА IV ГОДИНА

Скопје, 2003 година

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** КОМПАРАТИВНА КНИЖЕВНОСТ

**1.2. Вид на средно образование:** гимназиско

**1.3. Година на изучување:** четврта

**1.4. Број на часови**

- Број на часови неделно: 2 часа
- Број на часови годишно: *66* часа

**1.5. Статус на наставниот предмет:** изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Општи цели на наставниот предмет:**

- да им се овозможи на учениците широк дијапазон на знаења од областа на културата, уметностите, философијата, историјата, јазикот;

- да ја разберат сопствената национална традиција во контекст на различните светски култури и во духот на големата историја на идеи;

- ученикот да ги употреби знаењата кои ги дава предметот за понатамошна надградба;

- ориентација на учениците кон споверќе специјализирани полиња на високото образование: филолошки науки, историја на уметноста, културологија, социологија, философија, убавите уметности/драмска академија, академија за глума и режија, филмска академија, архитектура, издаваштво и др.

**Програмата на учениците треба да им помогне:**

- да го осознаат местото на книжевноста во системите на културата;
- да ги разберат односите на книжевноста и другите уметности;
- да ги разликуваат комуникациските аспекти во рамки на процесот на рецепција на книжевните дела;
- да научат да постават еден книжевен феномен, автор, опус или поединечно дело во определен општествено-историски контекст;
- да се оспособат за согледување на вредностите на националната културна вредност наспроти другите култури;
- да умеат самостојно да ги воочуваат сличностите и разликите помеѓу одделните феномени во литературата и културата пошироко;
- да се оспособат за креативно и слободно размислување без предрасуди и ограничувања;
- да се научат на аналитички пристап и критичко просудување;
- да се оспособат за самостојно усно и писмено изразување во доменот на уметноста, критиката, историјата, философијата и другите сфери кои се во однос со литературата;
- да ги развијат сите внатрешни потенцијали и способности за отворена комуникација со различните/други култури, толеранција, да градат систем на вредности и етички систем преку стекнатите сознанија од областа на компаративната книжевност;
- да ги развиваат сопствените капацитети за градење на граѓански, демократски концепти на мислење и однесување во општеството врз основа на усвојување на знаења за темелните идејни и уметнички придобивки во светската култура.

## 2.2. Посебни цели

Со реализацијата на оваа програма учениците ќе можат:

- да го разликуваат предметот на компаративната книжевност и истата да ја проучуваат во релација со другите уметности и научни дисциплини;
- да ја категоризираат и вреднуваат книжевноста според востановените современи стандарди и научна терминологија во светот;
- да ја воочат ефикасноста и вредносната делотворност на компаративстичкиот пристап во проучување на феноменот книжевност;
- да ја разберат улогата на уметноста во развојот на идентитетот и да стекнат способност за нејзино развивање во сопствената национална средина.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на поставените цели во наставата по предметот **компаративна книжевност** потребни се предзнаења од наставните предмети:

- македонски јазик и литература;
- странските јазици;
- историја;
- музичка уметност;
- ликовна уметност;
- основи на драмските уметности.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

Образовниот процес е структуриран од повеќе тематски целини преку кои учениците го осознаваат вистинското место на компаративната книжевност. Во структурата на образовниот процес по овој предмет предвидени се соодветен број часови за теоретско и практично претставување на програмските содржини. Преку вака структурираната содржина учениците ќе се оспособат за компративен пристап кон уметничките дела.

4.1. Области и содржини - Структуирање на содржините за учење

| Програмско подрачје: Компаративна книжевност (102 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Области и содржини** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки - начини на предавање** | **Корелација** |
| **I. Поим компаративна книжевност**<br>**Научна дисциплина компаративна книжевност**<br><br>**Компаративна книжевност: историја и опис**<br><br>**Различни правци на компаративни проучувања во светот**<br><br>**Основни поими во компаративистиката според историско-теориската концепција во којашто се развиваат: тематологија, имагологија влијание, интертекстуалност, интермедијалност**<br><br>**Проблемски** | Ученикот:<br>- да ја разбере специфичноста на поимот и дисциплината компаративната книжевност;<br><br>- да го осознае развојот на компаративистиката;<br><br>- да ги согледа разликите помеѓу различните школи кои го дефинирале подрачјето на повеќи начини и да ги сумира сознанијата од денешна перспектива;<br><br>- да ги научи основните поими и категории со кои се служи компаративистиката во зависност од историскиот контекст во кој се дефинираат; | - читање фрагменти од текстови на претставници од различни школи на компаративистиката од современите достигнувања и од историјата на компаративистиката<br><br>- Дискусија меѓу учениците за понудените фрагменти.<br><br>- Споредба на текстови од различни автори кои припаѓаат на различни култури според историскиот период, темата или сликата за другата/туѓата култура/ националната културолошка концепција. Употреба на поимите **влијание, интертекстуалност** и др. | - Со историја на книжевност, со посебен осврт врз разликата на националната историја на книжевноста;<br><br>- со историја на уметноста, со филозофија, со социологија;<br><br>- со други национални книжевности;<br><br>- со историја и теорија на културата, со други медиуми. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **преокупации на компаративната книжевност: компаративна книжевност-националната историја на книжевноста** | - да умее да воспостави однос кон националната книжевност и да се оспособи да ја согледа нејзината вредност во европскиот и светскиот културен контекст; | - Поделба на учениците во групи со задача да изработат посебни експозеа врз анализи на текстови и со покажување на одделни категории од компаративистичкиот појмовен апарат. | - Со националните книжевности од европскиот културен контекст; |
| **Однос книжевноста и другите уметности: сликарство, фотографија, филм, театар, опера, музика** | - да ја пронаоѓа врската помеѓу книжевноста и другите уметности и да размислува за нивното меѓусебно проникнување; | - Да се употреби видеоматеријал, филмувана верзија на роман или на драма, слика или музичка секвенца во споредба со ритам и опис на песна. | - интермедијални односи: литература, сликарство, филм, театар, танц и др.; |
| **Односи помеѓу посебните книжевни родови** | - да ги пронаоѓа не само одликите на посебните родови, туку и нивните проникнувања кои доведуваат до развивање на повеќе хибридни форми во книжевноста. | - Анализа на примери од жанровски остварувања како поема, песни во проза, лирски роман итн.<br>Вежба за сите ученици со примери на чисти форми и хибридни форми. | - со теорија на книжевноста (генологија). |
| **Односи помеѓу книжевните раздобја во историјата на книжевноста** | - Да се анализира претставата за другите култури врз основа на нивната уметност, книжевност; | - Да се побара од учениците самостојно да најдат илустрации за различните уметнички и стилски раздобја во книжевноста и другите уметности. | - Корелација со историјата на уметноста; односи меѓу романтизмот и реализмот; натурализмот и модерната; симболизмот и модерната од почетокот на 20 век итн. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Улогата на преводот во компаративистичките проучувања на односите меѓу книжевните текстови** | - да се сфати преводот не само како јазичен феномен, туку и како соочување со уметноста создавана во друг културолошки контекст; | - Заеднички да се работи на готов превод и оригинален текст; да се анализира рецепцијата на преведениот текст во националната култура. | - со науката за јазикот; со теорија на културата; со странските јазици; |
| **Компаративната книжевност и другите дисциплини: историја, социологија, филозофија, психологија** | - да умее да го објасни поимот компаративистика преку неговото поврзување со другите научни дисциплини и да се подвлече важноста на *интердисциплинарниот пристап* при интерпретацијата на уметничките дела. | - Вежба: да се поделат учениците по групи и со користење на избран книжевен материјал да го покажат односот на одделната дисциплина врз одделеен книжевен феномен: личност и книжевен лик во дело; историски настан (пр.: војна) и негова обработка во дело; социолошки феномен (однос помеѓу класи и полови) итн. | - историја; филозофија; социологија; психологија. |
| **II Компаративистиката како историско-критички пристап и активно читање или интерпретација на уметничкиот текст: фокусирање врз поединечни примери со цел да се истакнат корелациите во книжевноста**<br><br>**Митот и првите** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **книжевни теми: создавање на светот и човекот, потрага по бесмртноста, односот индивидуа / заедница, пропаста на светот и смртта, темата за “изгубената невиност”. (Приказни за настанокот и за пропаста на светот: потопот: Гилгамеш, Библија, Коран).**<br><br>**Старите епови (општествениот контекст:**<br>**- поединецот и општеството;**<br>**- улогата на јунакот;**<br>**- овоземниот и оноземниот живот; духот и телото;**<br>**- патување во подземниот свет; основањето на град-држава**<br>**Избор од старите епови: Махабхарата и Рамајана, Илијада и Одисеја, Енума елиш и Гилгамеш**<br><br>**Анализа на неколку** | - Да умее да ја објасни праисконската состојба на човекот во универзумот преку првите најстари обиди за поимање на појавите кои го опкружуваат.<br><br>- Да умее да ја објасни функцијата на митот како резервоар на првите книжевни теми и нивна трансформација во текстови; | -Ученици да прочитаат делови од наведените дела или да ги пронајдат соодветните митски приказни во митолошки речници и заеднички да дискутираат на час.<br><br>- Со читање и интерпретација на текстови од старите епови учениците да се организираат во групи при што секоја група ќе има за задача да чита и анализира различен еп. Во заедничка дискусија се презентираат извлечените белези на различните епови. | - со митологијата, со историјата на религиите; *Книгата за Јов (Библија);* споредба со *Процес* од Кафка или некој друг пример по избор.<br><br>- Заснована врз интермедијални релации: пример од филмот на Џорџ Лукас: *Војна на ѕвездите.* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **универзални теми во светите книги и во други текстови од древните литератури на Истокот** | - да научи да ги разликува корените на медитеранскиот цивилизациски поредок наспроти источноазиската традиција на мислење и живеење. | - Надоврзување на претходните вежби: читање и интерпретација на текстови од индиската литература; химни од *Риг Веди*, *Упанишади*, *Бхагавад-Гита*;од кинеската литература- *Тао Те Кинг, И чинг*; од јапонската литература зен-коани. | Археологија, архитектура на древни цивилизации, етнологија, антропологија, филозофија. |
| **Односот помеѓу:**<br>**- авторитетот и потчинетиот;**<br><br>**макрокосмос/микро-космос;**<br>**- маж-жена;**<br>**- љубовта и смртта;**<br>**човекот и моралните норми;**<br>**- рационалното и интуитивното поимање на светот во споменатите традиции..** | - Да научи да ги разликува идеолошките критериуми и норми на постоењето воопшто на релацијата Запад-Исток; | - Учениците да изработат презентации за културата и обичаите на споменатите цивилизации (пример: односот кон љубовта во делото на Платон и "Смрт во Венеција" на Томас Ман), /наспроти фрагменти од делата на источните култури. | - со религија, филозофија. |
| **За изборот и однесува-њето во животот**<br>**Светот како природа (врз примери на индиската, кинеската и јапонската книжевност)**<br><br>**Корените на европската** | - да умее да прави разлики, но и да ги пронаоѓа заедничките точки во односот Исток/Запад сфатени во нивната еднаква вредност за човекот; | Вежби: анализа на избор песни од старата египетска лирика, Песна над песните, јапонска хаику поезија; избор од проза: **Но- театар** | Филозофија, религија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **цивилизација во наследството од стара Грција и Рим. Грчки и римски митови, богови и религиски пантеон, философија, реторика и книжевност**<br>**Теми:**<br>**љубов, дијалог, демократија, концептите на индивидуализмот, смртта и граѓанството; хомосексуалност, положбата на жената (избор текстови од грчката и римската митологија, Есхил, Софокле, Еврипид, Платон, Аристофан, Овидиј: Метаморфози, компарација со Кафка и Борхес. Вергилиј разлики и сличности во цивилизацискиот контекст)**<br><br>**Среден век:**<br>**(450-1300)**<br>**видови љубов, Бог,** | - да научи да ги согледа двете големи епохи во развојот на европската култура како ориентациони точки во европската историја на идеи;<br>- да умее да ги лоцира темите кои се застапени во литературата;<br>- да умее да направи разлики помеѓу особеностите на изворната грчка традиција и наследството сочинето од римски литературни обрасци кои ќе влијаат во развојот на европската литература воопшто (поради воспоставување на компаративистички релации). | Вежби: избор текстови за часот; да се дискути-ра за наведените теми (по избор на наставникот)<br>**епови**<br>Хомер<br>-*Илијада;* Вергилие:*Енеида*<br>**поезија**:<br>Сапфо, Пиндар, Катул, Овидиј<br>Платон.<br>**драма:**<br>Софокле: Крал Едип;<br>**филозофија**: Платон и Аристотел за уметноста и постоењето;<br>**поетика, реторика, етика** (индивидуална презентација на разновидни презентации за секоја област и автор). | - со модерната книжевност на Грција (примери: Никос Казанѕакис "Гркот Зорба" или Константин Кавафис Итака*;*<br>- со обработката на теми од античкиот период во подрачјето на стрипот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **жена, витез, крал/цар;**<br>**-потрага по изгубениот Грал, витештво. Ерос и морал;**<br>**-херојство и владетели;**<br>**- душевна убавина и естетска проекција;**<br>**- идеален пејзаж;**<br>**- лирска димензија на изразување на возвишените идеали;**<br>**- посебната улога на усните форми како спротивност на возвишените идеали од писмената книжевност;**<br>**- колонизациски аспекти на *потрагата* трансформирана во ефект на потиснување на туѓите религии**<br><br>**Ренесанса (1300-1650)**<br>**-човекот како центар на универзумот** | - Да научи да го разликува тематско-идеолошкиот контекст на распаѓањето на Римското Царство на Западно и Источно, распаѓањето на христијанската црква;<br>- да умее да го преиспита начинот на кој духот на времето се пректира во разновидни литературни теми во Западна и Источна Европа. Поезија и религија, поезија и филозофија. Усни едноставни форми:бајка, легенда, житие. | Вежби:<br>читање фрагменти од делата (пр.Тристан и Изолда<br>*Песната за Нибелунзите*<br>***Данте Алигиери***<br>Божествена комедија<br>Легенди за Дон Жуан, Фауст, Словенски житија) | - Со музиката (пр. композиции од оперите на Вагнер /избор);<br>- со филмот (пр. *Ескалибур*). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **наспроти средновековниот принцип за Бог како творец на човекот и светот;**<br>**- прогонетиот поет;**<br>**- улогата на знаењето како моќ;**<br>**- човек креација, преобразби со потпирање врз науката, уметноста (взаемност на проникнување на човекот и природата)**<br>**(Избор автори и дела: Николо Макијавели,** **Vladetelot**<br>**Бокачо:** ***Декамерон***<br>**Сервантес:** ***Дон Кихот***<br>**Кристофер Марлоу:** ***Од трагичната историја за животот и смртта на др. Фаустус***<br>**Вилијам Шекспир:** ***Бура/Ромео и Јулија)***<br><br><br>**Епоха на класицизам и рационализам (1650-1800)**<br>**Преземање на антиката како идеал,** | - Ученикот да научи да ги компарира средновековните и ренесансните принципи за улогата на моќта на знаењето, уметноста како проекција на идеалот, но и како субверзивна сфера на критичко посматрање на појавите во стварноста нормирани во филозофските и статусни симболи;<br>- да умее да ја согледа основната идеја на ренесансата, како културолошка матрица: улогата на човекот како центар на унивезумот, идеализацијата на човекот наспроти Бога. | - Дебата за ренесансните текстови наспроти средновековните обрасци на пишување;<br><br>- користење на илустративен материјал за пишување коментари или есеи за наведените теми. | Со примери од модерната љубовна поезија;<br>- со историјата на сликарството, архитектурата и вајарството; со филмот (пр., која било варијанта на филмувано дело од Шекспир). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **инсистирање на разум, принцип: мислам значи постојам, формата како идеал (избор на автори и дела: фрагменти од Декарт, Корнеј, Џон Милтон-Изгубениот рај<br>Блез Паскал: Мисли<br>Жан де Лафонтен: Басни<br>Џонатан Свифт, по избор;<br>Волтер: Кандид)** | - Да научи да ги согледа принципите на “рационалното” како клучни одредници на духот на времето, а со тоа и на литерарните дела; да го разбере процесот на “оживување” на класичниот идеал од антиката (компаративно согледување на античките обрасци за убаво, добро и вистинито); | - Работа во групи со посебни експозеа за автори од дадениот период и споредување на филозофската и книжевната матрица на истите | - Со филозофијата и театарот. |
| **Романтизам и реализам (1800-1890): имагинација, фантастика, профетизам, нова митологија, субјективизам-објективност;<br>- интима, лудило, демонизам, -мотив на мртвата сакана;<br>- непознати светови наспроти стварноста, историјата-индивидуа/општество, -( избор од романтичарска и** | - да научи да го извлекува значењето на револуционерноста на романтичарскиот идеал за човековите внатрешни, ирационални побуди;<br>- да ја разбере специфично литерарната побуна против авторитетот на нормите, како идеолошки, така и жанровски; | - Да се поделат учениците во две групи (пр: едните “романтичари”, а другите “реалисти” и низ спротивставување на овие различни концепти да ги совладуваат одликите на различните епохи. | - Со филмот (пр., *Франкенштајн*, *Готик*);<br>- со музиката: Шопен. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **реалистична поезија, проза, драма:**<br>**Ј. В. Гете од Фауст**<br>**Мери Шели Франкенштајн**<br>**Вилијам Вордсворт**<br>**Хајнрих Хајне**<br>**Виктор Иго**<br>**Хофман, наспроти:**<br>**Николај Гогољ**<br>**Ги де Мопасан**<br>**Ф. Достоевски: Браќа Карамазови**<br>**Антон Чехов**<br>**Херик Ибзен**<br>**Дом на кукли**<br><br>**(Предвесници на XX век**<br>**Е. А. По,**<br>**Шарл Бодлер**<br>**Артур Рембо)**<br><br>**Дваесетти век (1890-):**<br>**-век на пресврти и контрадикции, актуализација на** | - да се оспособи за компаративно осветлување на спротивностите помеѓу романтичарскиот занес и идеализам и пробивот на реалистичкиот концепт, на материјалистичкото гледање и спознавање на светот и стварноста;<br><br>- да научи да ги разликува и преодните епохи и авторите кои се предвесници на големите промени во книжевноста на XX век. | - Читање на фрагменти од манифестните дела на споменатите автори и определување на нивната индивидуалност. | - Со музиката и другите уметности. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **големите автори кои го разбиваат деветнаесеттвековниот уметнички идеал на стварност и вистина, целина, - индивидуа, психоанализа, фрагментирани светови, војна, слобода, избор, апсурд, смрт;<br>- правда и неправда<br>- насилство, отуѓеност и очајание<br>(избор од автори: Џ. Џојс, Марсел Пруст, А. Шницлер, Вирџинија Вулф, Фокнер, Даниил Хармс, А. Бретон, Константин Кавафи, Булгаков, Јонеско-Бекет, Жан-Пол Сартр, Симон де Бовоар)<br><br>Современа литература; актуелни феномени во литературата во последните децении на XX век:<br>- интермедијалност,** | - Ученикот да научи самостојно да проникнува во процесите во уметноста и книжевноста, посебно во оние кои произлегуваат од дезинтеграцијата на светот како целина, на индивидуата како субјект. | - Со индивидуална работа да му се дозволи на секој ученик да избере посебен автор и да направи есеј за неговото творештво;<br>- да се развие дебата околу дивергентноста на постапките на авторите во рамки на ист период. | - Со сите уметности, посебно со новите медиуми на претставување: на пр. фотографија, филм. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **тривијална и висока книжевност;<br>- жанровска хибридизација;<br>- постколонијални децентрирачки струења;<br>- статусот на уметникот во општеството/феноменот "бестселер", книжевниот пазар и книжевноста;<br>- европската културна матрица наспроти "другите" култури,<br>- Интернет култура (избор на автори:<br>Х. Кортасар, Умберто Еко, Кундера, Маргерит Дирас, Бродски, Солженицин, Набоков, Тони Морисон, Арундати Рој, Дубравка Угрешиќ)** | - Да научи да ја извлекува разнобразноста од можности во светот со мноштво од перспективи во развојот на уметноста која се создава со синтетички начела на интегрирање на визуелното, музиката, танцот, зборот;<br>- да се оспособи за препознавање на авторите кои се клучни репрезенти на современата литература и култура. | - Индивидуална работа со изработка на есеи на зададена тема;<br>- вежби за развивање на креативните потенцијали на ученикот кој ќе направи коментар за литературата, визуелните уметности;<br>- задача за развивање на способноста да ги прави истражувањата со користење на Интернет. | - Со тековните уметнички процеси на развивање на синтетичките потенцијали на визуелната култура;<br>-со идеологијата (посебно политиката) заради креирање на сопствената свест за современата култура. |

### 4.1. Области и содржини

Компаративна книжевност, историја и теорија на литературата, во контекст на историја на уметноста и културата. Литература и релациите со другите книжевности и уметности: сликарство, филм, архитектура, театар.

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

За постигнувањето на целите на Наставната програма по компаративна книжевност, задолжително е да се применуваат современи активни техники и методи на работа како што се: сложувалка, Венов дијаграм, вртелешка, агли , вкрстено испрашување, еден вовед-повеќе текстови; дневник со двоен запис и други. Техниките на активно учење поттикнуваат ефикасна примена на стекнатите вештини и знаења во идентификување, опишување, појаснување, докажување, развивање на критичко и креативно мислење .

#### 4.2.1. Активности на наставникот

Активното учење од наставникот бара тој да престане да биде трансфер на знаење и испрашувач. Наставникот кој ќе ја реализира програмата на овој наставен предмет ќе треба:

- да направи прецизно глобално и тематско планирање со внесување на сите можни современи техники за секој дел од наставната програма;
- да осмислува и создава креативен амбиент;
- да поттикнува дискусии за сработените задачи на учениците;
- да планира и осмислува интерни конкурси за најдобри творби преку кои учениците ќе се самовреднуваат.

#### 4.2.2. Активности на ученикот

Активностите на ученикот ќе произлезат непосредно од техниките на учење што ќе ги промовира наставникот во рамките на групната, индивидуалната форма на работа. Ученикот ќе анализира проблеми, самостојно ќе истражува, ќе брани сопствени ставови, ќе организира и планира реализација на одредени предвидени содржини од програмата и друго. Сите активности на ученикот се со цел тој да биде централен субјект во наставата што ќе го мотивира кон самоучење и самооценување.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот компаративна книжевност е **општообразовна.** Таа ќе се базира врз активно учество на ученикот во поставувањето, водењето (анализата) и разрешувањето на проблеми и ситуации што се однесуваат на содржините од наставната програма. Програмата ќе се реализира во училиште, на наставни часови, во специјализирани училници и кабинети, според однапред изготвен неделен распоред на часови.

По проценка на наставникот, во насока на постигнување на целите на наставата, ученикот ќе добива задачи за изработка домашни работи; водење на минипроекти; следење на одредени ТВ-емисии, театарски и филмски претстави; учество во вон-училишни и училишни трибини.

Наставникот ќе врши глобално, тематско и дневно планирање на наставата кое ќе содржи опис на неговите активности и на активностите на учениците. Подготовката на наставникот за час, покрај описот на активностите на наставникот и ученикот, ќе подразбира и дополнителни мотивациони компоненти за ученикот преку осмислени активности.

### 4.4. Наставни средства и помагала

#### 4.4.1. Наставни средства

За постигнување на целите на наставата по предметот компративна книжевност неопходно е стручно осмислена и планирана примена на различни наставни средства, а пред се: пример текстови , аудио и видеокасети: табла, проектор, графоскоп, касетофон, ТВ приемник со видеорикордер, компјутер со соодветни програмски пакети и достапен Интернет и ЛЦД проектор.

#### 4.4.2. Учебници и учебни помагала за учениците

За реализација на оваа наставна програма неопходно е изготвување адекватен учебник, според Концепцијата за учебници. Препорачливо е да се изготви и користи и збирка текстови која ќе се употребува за вежби со учениците.

#### 4.4.3. Дополнителна литература за наставникот

- Ѓуришин Диониз, *Теорија на споредбеното проучување на литературата*, Наша книга, Скопје, 1987.
- Konstantinović, Zoran, *Uvod u uporedno proučavaje književnosti*, Beograd, 1984.
- Beker, Miroslav, *Komparativna proučavanja književnosti*, Zagreb, 1997.
- Pichois, Claude et Rousseau, André, M., *Komparativna književnost*, Zagreb, 1973.

- Solar, Milivoj, *Svjetska književnost*, Zagreb.
- *Rečnik književnih termina*, Nolit, Beograd, 1986.
- *Povijest svjetske književnosti*, 1-8, Mladost, Zagreb, 1974.
- Elijade, M. *Istorija verovanja i religijskih ideja, Prosveta,* Beograd, 1991.
- Radjanje moderne književnosti: Poezija, Nolit, 1975.
- Radjanje moderne književnosti: Drama, Nolit, 1975.
- Radjanje moderne književnosti: Roman, Nolit, 1975.
- ЌулавковаКата, *Теорија на книжевноста*, Мисла, Скопје, 1999.


## 5.ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИКОТ

За оценувањето на напредувањето на ученикот, т.е. за квалитетот и обемот на ученичките знаења и вештини наставникот треба да користи различни техники кои ги покриваат наставните содржини. Наставникот треба да внимава на објективните можности на ученикот при поставувањето на задачите. Прашањето или задачата (или и двете заедно, или и пошироко) треба да соодветствуваат со етапата од реализиранаta програма (познавање, разбирање, примена, анализа, синтеза и евалвација - моќ на проценување).

Оценувањето треба да биде континуирано и, пред сé, да е во насока на мотивирање на ученикот. Сите успешни (позитивни) постапки, знаења и оригинални творби на ученикот треба да се истакнуваат со цел да го стимулира ученикот за негово надградување и самоиницијатива.

Оценувањето наставникот може да го реализира преку:

- изработка на три задолжителни есеи на зададена тема со одреден број зборови;
- учество и изработка на најмалку три минипроекти;
- изработка на сопствено портфолио;
- континуирано следење на работата на редовните часови.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

Наставникот по компаративна книжевност во гимназиско образование треба да поседува високи персонални, професионални и педагошки карактеристики:

- стручно компетентен во наставата, партнер и педагог во комуникацијата со учениците, подготвен со соодветни дидактички решенија за ситуациите во училницата и во училиштето, предавач, мотиватор, објективен оценувач на знаењата и вештините на ученикот и проценувач на објективните можности на ученикот, добронамерен партнер во емоционалните односи, воспитувач, позитивна личност.

### 6.2. Стандарди за наставниот кадар

Студиска група на Филолошкиот факултет:
Општа и компаративна книжевност (со положени дидактички предмети)
(останатите студиски групи со Општа и компаративна книжевност под "Б").

### 6.3. Стандард за простор и опрема

Наставата се организира во училница или во кабинет, но се проследува и со придружни активности кои го менуваат местото на реализацијата (институции на културата, научни институции и сл.). Со оглед на тоа што во програмата се става посебен акцент на интермедијалноста, пожелна е дополнителна аудио-визуелна опрема.

Просторот и опремата за работа со учениците во рамките на наставата по компаративна книжевност треба да бидат во согласност со Нормативот за наставни средства и помагала по наставниот предмет македонски јазик и литература.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 7.1. Датум на изработка: февруари, 2003 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. Тања Андонова-Митревска - советник, Биро за развој на образованието, Скопје - координатор
2. доц. д-р Маја Бојаџиева- професор на Филолошки факултет, група Општа и компаративна книжевност
3. доц. д-р Славица Србиновска - професор на Филолошки факултет -група Општа и компаративна книжевност
4. Душко Стојановски - професор во ДСУ “Орце Николов”, Скопје
5. Лирија Реџепи – советник, Биро за развој на образованието,Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА:

**Датум на започнување:** 01.09.2004 година.

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по компаративна книжевност ја одобри (донесе) ______________________________________________

______________________________________________________________со решение број_______________од _____________година.